# Писма од Старци



## Старец Ефрем Филотејски

## За страдањата и искушенијата

Господ ги допушта искушенијата за да нè поттикнат да се сетиме на Него. Кога Го повикуваме, Он се однесува како да не нè слуша за ние да ги умножиме нашите молитви и да го повикуваме Неговото свето име, во страв од различните страсти. Тогаш преку болката на молитвата нашето срце се осветува и од опит ги спознаваме слабостите на нашата падната природа. Така преку пракса осознаваме дека без помошта Божја ние не можеме да направиме ништо.

Овој длабок опит се стекнува со крвавење на срцето и не може да се избрише; тој станува темел на остатокот од нашиот живот. Благодатта Божја нè напушта и повторно се враќа, но опитот никогаш не нè напушта, зашто е втиснат во срцето. И без разлика колку сатаната го велича срцето, опитот ни го посочува она што засегогаш е запишано во неговите длабочини: дека без Бога не е можно да се направи ништо.

Да не постоеја искушенијата, гордоста и другите страсти ќе нè претвореа во други сатани. Но нашиот добар Отец, Бог, допушта на нас да дојдат маки за да можеме да се браниме со смирение, што ќе ни го олесни бремето на нашите гревови. Кога сме сè уште млади, мораме да бидеме искушувани, зашто младоста е лесно превртлива. Со текот на времето војната ќе престане и ќе дојде посакуваниот мир. Само имајте храброст и трпение. Не очајувајте, без разлика колку страстите се борат против вас. Бог го љуби оној против когошто тие се борат и кој го возвраќа ударот. Бидете храбри и молете се и за мене, мрзливиот, нечистиот, безвредниот, грозотијата!

- 2 -

Ако страдањата му користеа на Апостолот Павле - бидејќи рече: *И за да не се превознесувам со премногу откровенија, во телото ми се даде трн, ангел сатанин, да ме боцка по лицето, та да не се превознесувам*[1] - колку повеќе тие ќе ни користат нам ако трпеливо ги поднесуваме? Апостолот Павле беше избран сад, уста Христова, мртов за светот, оној во кого пребиваше Света Троица. И дури иако страдањата го попречуваа во проповедањето на Евангелието, и иако толку Го молеше Бога да го поштеди од страдањата, Бог грижејќи се за доброто на неговата душа не ги услиши неговите молитви - иако Го молеше трипати - туку му одговори: *Доста ти е Мојата благодат, зашто Мојата сила наполно се покажува во слабоста.*[2] Мојата благодат, му рече, е доволна за твоја утеха; ќе ги претрпиш овие страдања за да извлечеш полза од нив стекнувајќи поголемо смирение.

Така, деца мои, поднесувајте ги сите страдања што Бог ви ги праќа, без разлика дали е тоа тага или пак свирепоста на страстите, зашто Бог ни ги испраќа за наше добро, за да може трпението во сите овие работи да се смета за аскеза, за којашто ние инаку сами не сме способни. Затоа, благодарете Му на Бога; славете Го со вашите усни и срца, зашто по страдањето, ако го поднесеме со трпение и благодарност, ќе дојде утехата на благодатта.

Постои ли некој што влегол во рајот по друг пат, по пат без искушенија, когошто можеме да го следиме? Не. Сите светители поминаа низ вода и оган, низ разни искушенија и маки, и Го славеа Бога со своето трпение и добија круни за вечна слава!

Не губете храброст во подвигот; нашиот Христос невидливо стои покрај нас, следејќи го подвигот на секого од нас. Затоа, подвизувајте се трпеливо; повикувајте го името на Исус Христос, за да може да се всади во вашите срца и за да можете да станете богати во Божествената благодат. Подвизувајте се за да стекнете просветлен ум, та да можете да ја почувствувате благодатта на Воскресението.

[1] Кор. 12, 7

[2] Кор. 12, 9

- 3 -

Два вида на благодат се стекнуваат кога се подвизуваме по Бога: едната е утехата на Светиот Дух, Кој ја исполнува душата со радост, мир, воодушевување итн.; другата се нарекува опит од искушенијата. Благодатта на опитот е неизбришливо втисната во душата, односно таа не ја напушта личноста, бидејќи е споена со срцето што ги искусило искушенијата. Додека првата, благодатта на Светиот Дух, доаѓа и си оди. Во време на искушенија втората благодат, опитот, е подобротворна, бидејќи ја просветлува душата како да помине низ нив. Со оглед дека опитот доаѓа преку искушенијата, тој знае како да ја ослободи душата од опасноста секогаш кога таа ќе наиде.

Така искушенијата, кога ги поднесуваме со трпение, ни ја донесуваат мудроста на искушенијата, и на тој начин стануваме вистински философи. Ако не се смириме, поучувањето преку искушенијата нема да престане. Самољубието раѓа искушенија, а искушенијата од своја страна го потчинуваат егото. Затоа биди смирен, дете мое, ако сакаш демоните што те измачуваат да се смират. Фрли се себеси пред сите и речи: ‘Јас сум најлошата личност на светот и сè е моја вина’.



- 4 -

Подвизувајте се, деца мои, подвизувајте се! Без разлика колку непријателот се бори против вас, бидете храбри и ќе го победиме. Ние го имаме нашиот Христос, главниот војсководец, Кој рекол: *Јас го победив светот.* Ние[3] исто така ќе го победиме; само не губете надеж. Бог нема да ги пренебрегне страдањата на сите што имаат надеж и Го повикуваат, ако се молат смирено.

Смирувајте се. Немајте високо мислење за себе и ќе постигнете возвишени работи. Колку повеќе златото се прочистува низ огнот толку почисто станува. И колку повеќе христијанинот се испробува низ искушенијата толку почиста станува неговата душа. Колку подлабоко ја ораме земјата и колку повеќе ја потсекуваме и се грижиме за лозата толку поизобилни ќе бидат плодовите. Колку подлабоко и почесто маките и искушенијата ја ораат душата на христијанинот толку почист и поплоден ќе стане.

Затоа, бидете храбри, имајте надеж и трпение за да ја примите круната на славата! Искушенијата и маките ќе нè спасат, додека секој што бега од маките не треба да очекува да дојдат радости.

[3] Јован 16, 33

5.

Не тагувајте за она што се случило. Нека се извршува Неговата волја секогаш, и да речеме: ‘Нека е благословено!’

Се молам да се здобиете со монашка сила. Сите луѓе страдаат. Ние сме благословени бидејќи заради Христа покажуваме трпение во искушенијата. На монахот којшто трпеливо ги поднесува, искушенијата ќе му донесат вечна слава којашто далеку ги надминува сите нив.[4]

Му должиме илјадници благодарења на најслаткиот Небесен Отец, Кој во Своето Провидение дозволува болни настани да се случуваат во нашиот живот, за да не се најдеме во другиот живот немоќни да покажеме дека сме претрпеле нешто заради Неговата љубов.

Храбро, чеда мои! Не паѓајте на колена на вашиот пат нагоре по ридот. Ќе се качуваме малку по малку, зашто сме слаби. И ќе умреме и ќе бидеме заборавени на Невечерниот ден на славното општо Воскресение.

[4] спореди 2 Кор. 4, 17

- 6 -

Ми пишуваш за твоите искушенија, чедо мое, но јасно е дека оној што сака да оди по патот Божји - патот на очистувањето, осветувањето и бестрастието - мора прво да размисли за посветеноста со којашто треба да се нарами. Односно, таквиот мора да биде спремен да наиде на искушенија од секакво потекло, за да биде делотворно прекален во добродетелта на смирението.

Полни сме со самољубие, мое добро дете, и бидејќи сме болни од оваа болест на неразумен егоизам, природно следи дека мораме да минеме низ болно лекување (всушност низ искушенија) неколку години, додека преку праксата не се научиме на смирение. Господарот на славата беше облечен во смирение; ова е добродетелта што Го краси Бога. Но таа, мое добро дете, се стекнува со крвта на срцето. ‘Нека е благословено’, ‘Прости ми’, ‘Не знам’, ‘Како сакаш’. Ова се зборови на смирен монах, јасен знак на напредок.

Што се однесува до братот што ти причинува страдања, мора да бидеш трпелив. Имај трпение, не ги забележувај неговите грешки, биди филозоф во врска со тоа, и прекорувај се себеси затоа што си духовно поболен на други начини и што сè уште не си бил искушуван, и затоа, не ти прилега тебе да зборуваш.

- 7 -

Тагата за којашто пишуваш, чедо мое, јасно е дека доаѓа од ѓаволот, бидејќи оној што ги исповедал своите гревови мора да верува дека му се во потполност простени, а целата тага мора да се изгони веднаш; за да може тој да се радува дека Бог се сожалил над него и го просветлил да ја испере својата  нечиста облека со искрена исповед, и треба да има добра надеж за спасение на неговата душа. Оваа неправовремена тага многумина ги уништила. Затоа, не тагувај ни малку. Радувајте се, и пак ќе речам радувајте се![5]

[5] спореди Фил. 4, 4



- 8 -

Секогаш кога некоја личност ќе падне, дете мое, таа мора да стане и ќе биде спасена. Кога некој ќе падне и доброволно не станува, ова е од демоните. Очајот е демонско оружје коешто многумина ги уништило; надежта, меѓутоа, многумина ги спасила од гнасната каллива јама.

- 9 -

Сатаната нè оддалечува од нашиот пат - и мене, најпрв од сите - затоа што не покажуваме трпение губејќи ја така ползата од секое искушение.
Имаше еден монах кој Му се молеше на Бога да го спаси од искушенијата. Па Бог ги оттргна страстите од него и му даде бестрастие. Тогаш тој отиде кај еден опитен Старец и му рече: „Старче, се ослободив од страстите и најдов мир” (тој беше сè уште млад).
„Слушај, дете”, му рече големиот Старец, „оди и моли Го Бога да ти ги врати страстите, зашто човекот извлекува полза не од бестрастието, туку од борбата, бидејќи бестрастието не е труд, ами одмор. Преку искушенијата личноста се восовршува и станва духовна, а без искушенија човекот останува неразумен, ненаучен и бескорисен.”
Затоа, биди трпелив, без разлика на твоите непријатели. Во овие последни времиња во коишто живееме да не очекуваме ништо друго освен искушенија, и тие ќе нè спасат!

- 10 -

Мракот во којшто се наоѓаш, дете мое, доаѓа и од природата и од искушувачот. И двете работи се исцелуваат со доаѓањето на Божествената благодат. Затоа, моли Го Бога да ти даде трезвеност и способност да ги паметиш добрите работи, а да ги забораваш лошите. Ако истраеш, малку по малку благодатта Божја ќе ти помогне.

- 11 -

Мое благословено чедо, се молам Бог на славата да ѝ го даде најголемиот духовен дар на твојата душа, за срцето да ти потскокнува од Божествената радост и мир.

А што се однесува до искушенијата, тие се неизбежни, и ние мора да сфатиме дека тие нема да стивнат, така што секогаш треба да бидеме подготвени да покажеме трпение. Во секој случај, наградата на оној што трпеливо ги поднесува слабостите на немоќните ќе биде голема, бидејќи тој многу пострадал и праведно е да биде соодветно награден.

Се молам да станеш цврст како гранит од којшто сите бранови на искушенијата ќе се прекршуваат, и да останеш непоколеблив во верата во Бога.

- 12 -

Биди трпелив, чедо мое, биди трпелив. За да стекнеме смирение, затоа сме искушувани. Тоа се лековите што ја лечат нашата болна душа. Радувај се затоа што Бог се грижи за твоите рани. Благословувај Го затоа што те смета за Свое дете и те казнува за да те научи на мудроста на Неговиот Закон. *Блаīословен е оној коīо Госӣод īо казнува и īо ӣоучува, и Кој е ѿој син, коīо ѿаѿкоѿо не īо казнува? Ако, ӣак, осѿанеѿе без казна, ѿоīаш сѿе деца незаконски, а не синови.*[6] Но нашите искушенија сведочат дека сме деца Божји, а тоа е причина за голема радост и чест. Затоа биди храбар, дете мое. Чекај го трпеливо[7] Господа и прави добро.

[6] **спореди** Евр. 12; 7-8

[7] **спореди** Пс. 26, 14

- 13 -

Чедо мое, мораме да разбереме дека низ овој земен живот ќе минеме низ многу и различни искушенија. Често секој чекор од нашиот живот ќе го полеваме со горчливи солзи и воздишки. Токму на овој начин премудриот Бог сакал човекот да живее. Но дури ни Он Самиот не го избегна овој закон, зашто целиот живот на Христос беше живот на маки и страдања. Кој меѓу луѓето може да побара да го избегне исполнувањето на овој општ закон? Никој! Затоа, да бидеме храбри, борејќи се смело во секоја тешка невоља од овој живот, додека Божествената заповед не нè повика да ги напуштиме сегашните работи и да заминеме во вечните пребивалишта.

Превод од англиски: М. Т.
од книгата Counsels from the Holy Mountain, Selected from the Letters and Homilies of Elder Ephraim